Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-487/3
06 11 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл,.весник на Р.М. бр.38/96,9/97,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15, 64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22, и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 06.11.2023 година ја донесе следнава:

# **О Д Л У К А**

за усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.07.2023 год. до 30.09.2023 год.

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Тримесечен Извештај со показатели за финансиското работење на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.07.2023 год. до 30.09.2023 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 06.11.2023 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-487/3
06 11 2023 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2023-30.09.2023 ГОДИНА

# ВОВЕД

За период 01.07.2023-30.09.2023 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи позитивен финансиски резултат – добивка на износ 4.729.003,00 денари.

Приходите во третиот квартал од годината изнесуваат 63.112.729,00 денари. Расходите се на износ 58.383.726,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2023 година** | **2022 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 55.871.274,00 | 49.939.484,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 6.733.730,00 | 2.502.287,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА МАТЕРИЈАЛИ,РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И ОТПАД** | 0,00 | 6.120,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 506.655,00 | 940.943,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 1.070,00 | 14.910,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **63.112.729,00** | **53.403.744,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | **2023 година** | **2022 година** |
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 3.125.445,00 | 5.382.196,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 12.771.446,00 | 17.902.636,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 37.603.872,00 | 31.561.789,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 2.945.079,00 | 3.388.226,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 1.902.844,00 | 1.633.248,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 24.780,00 | 0,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 6.876,00 | 32.748,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 3.384,00 | 6.689,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **58.383.726,00** | **59.907.532,00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2023 ГОДИНА* | *2022 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **63.112.729,00** | **53.403.744,00** |
| **Вкупно расходи** | **58.383.726,00** | **59.907.532,00** |
| **Добивка / Загуба** | **4.729.003,00** | **- 6.503.788,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.07.2023 - 30.09.2023 година изнесуваат 63.112.729,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 55.871274,00 ден.
- Сектор Пајак 6.733.730,00 ден.
- Останати приходи 506.655,00 ден.
- Финансиски приходи 1.070,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | **2023 година** | **2022 година** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 18.793.280,00 | 16.563.712,00 | 2.229.568,00 | 1,13 |
| **2.зонско паркирање** | 30.630.692,00 | 28.202.473,00 | 2.428.219,00 | 1,09 |
| **3.катна гаража-Беко** | 4.035.034,00 | 3.203.130,00 | 831.904,00 | 1,26 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 2.412.268,00 | 1.970.169,00 | 442.099,00 | 1,22 |
| **Вкупно приходи:** | **55.871.274,00** | **49.939.484,00** | **5.931.790,00** | **1,12** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 5.931.790,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 2.229.568,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 2.428.219,00 денари. Порст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме во најголем дел од наплата по пат на смс. Пораст на приходите имаме и кај претплатите за зонско паркирање како и кај продажбата на греб картичките.Во споредба со минатата година во овој квартал од годината се бележи и наплата по пат на скенирање на QR – код. Кај приходите од доплатни (казнени) билети бележиме пад што е иразбирливо ако се земе во предвид погоре изнесеното.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 4.035.034,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 2.412.268,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 831.904,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 442.099,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 6.726.102,00 | 2.483.643,00 | 4.242.459,00 | 2,71 |
| 2.фактурирана услуга | 7.628,00 | 18.644,00 | -11.016,00 | 0,41 |
| **Вкупно приходи :** | **6.733.730,00** | **2.502.287,00** | **4.231.443,00** | **2,69** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 6.733.730,00 денари и е поголем во споредба со минатата година за 4.231.443,00 денари. Севкупно наплатени се 3825 возила вклучително возилата подигнати од зонско паркирање . Во истиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 2.502.287,00 денари .Минатата година бројот на наплатени возила во сектор пајак изнесувал 1856 возила.

Како резултат на добрта соработка со МВР бележиме пораст на приходите од работењето на сектор пајак за разлика од минатата година кога имавме забележителен пад на приходите заради намален број налози издадени од страна на МВР во врска отстранување на непрописно паркирани возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2023 година | 2022 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| од продажба на расход-хартија | 0,00 | 6.120,00 | -6.120,00 | - |
| од отпишани побарувања и обврски | 18.010,00 | 12.753,00 | 5.257,00 | 1,41 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 367.902,00 | 0,00 | 1,00 |
| од донации | 0,00 | 230.100,00 | -230.100,00 | - |
| од наплатени судски трошоци | 20.262,00 | 17.591,00 | 2.671,00 | 1,15 |
| од наплата на штети | 18.500,00 | 9.986,00 | 8.514,00 | - |
| од др.надомест,вонред.приходи | 81.981,00 | 302.611,00 | -220.630,00 | 0,27 |
| **Вкупно приходи :** | **506.655,00** | **947.063,00** | **-440.408,00** | **0,53** |

Во групата останати приходи која изнесува 506.655,00 денари спаѓаат приходи од наплата на тужени побарувања, приходи од субвенции, донации, приходи од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.

Во рамките на оваа група приходи за 2023 година евидентирани се следните:

Приходи од отпишани побарувања и обврски 18.010,00 денари; приходи од субвенции во опрема на износ 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 20.262,00 денари приходи од наплата на штети 18.500,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори 4.293,00 како и приходи на износ од 77.688,00 денари кои произлегуваат како резултат на даночните поттикнувања односно од поврат на платена ДДВ обврска во врска донација од јавен карактер на електромобили за ЈУ Зоолошка градина реализирана во текот на 2020 година.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. За периодот бележиме приходи на износ 1.070,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.07.2023-30.09.2023 се на износ 58.383.726,00 денари.

средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 12.771.446,00 денари односно, бележиме намалување на трошоците за 5.131.190,00 денари во споредба со 2022 година .
Во рамките на оваа група трошоци се забележува пад на речиси сите видови трошоци со исклучок на трошокот за администрирање на системот за зонско паркирање кој е поголем како резултат на поголем промет во извештајниот период. Зголемување бележиме и кај трошокот за комунални услуги односно на услугата за собирање на смет од причина што претпријатието во месец август беше задолжено од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје да плаќа ѓубретарина за дел од јавните површини за паркирање кај кои досега не се плаќало за овој тип на услуга.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| **опис** | **2023 година** | **2022 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 37.577.206,00 | 31.435.725,00 | 6.141.481,00 | 1,20 |
| **отпремнина** | 0,00 | 126.064,00 | -126.064,00 | - |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 6.666,00 | 0,00 | 6.666,00 | - |
| **помош на вработени** | 20.000,00 | 0,00 | 20.000,00 | - |
| **вкупно:** | **37.603.872,00** | **31.561.789,00** | **6.042.083,00** | **1,19** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата на вработените изнесува 37.603.872,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 6.042.083,00 денари што сметаме дека во најголем дел се должи на порастот односно усогласување на платите од крајот на минатата година како и порастот на платите од месец септември согласно усогласувањата со ОКДЈС.
По основ отпремнина за пензија немаме евидентирано трошок додека по основ Јубилејни награди евидентиран е трошок за двајца вработени и евидентиран е трошок за исплата на помош на вработен за лекување во висина од 20.000,00 денари.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 2.945.079,00 денари и е помал во спредба со минатата година за 443.147,00 денари кога истиот изнесувал 3.388.226,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 59.676,00 | 2.895,00 | 56.781,00 | 20,61 |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 466.671,00 | 466.671,00 | 0,00 | 1,00 |
| репрезентација | 88.460,00 | 48.709,00 | 39.751,00 | 1,82 |
| Надомест за практикантство | 0,00 | 3.000,00 | -3.000,00 | 0,00 |
| трошоци за осигурување | 29.141,00 | 8.236,00 | 20.905,00 | 3,54 |
| банкарски провизии | 166.821,00 | 173.066,00 | -6.245,00 | 0,96 |
| трош за ДДВ,чланарини и адм.такси | 765.966,00 | 620.219,00 | 145.747,00 | 1,23 |
| трошоци за користење на права | 146.265,00 | 57.630,00 | 88.635,00 | 2,54 |
| Останати трошоци на работењето | 179.844,00 | 252.822,00 | -72.978,00 | 0,71 |
| **вкупно:** | **1.902.844,00** | **1.633.248,00** | **269.596,00** | **1,17** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 1.902.844,00 денари и истите се за 269.596,00 денари поголеми од минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци:надоместоци за вработените 59.676,00 денари, надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 88.460,00 денари, осигурување 29.141,00 денари, банкарски провизии 166.821,00 денари, трошок за ДДВ и административни такси 765.966,00 денари, трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 146.265,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 179.844,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 87.250,00 ден.; услуги по договор за дело 66.666,00 денари и трошоци за огласување 25,928,00 денари.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Евидентирани се трошоци за тужени побарувања на износ 24.780,00 денари. Истите произлегуваат од 2021 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2023 година | 2022 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење | 86.028,00 | 39.180,00 | 46.848,00 | 2,20 |
| Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички | 801.093,00 | 729.719,00 | 71.374,00 | 1,10 |
| ел.енергија,парно | 1.014.602,00 | 3.650.993,00 | -2.636.391,00 | 0,28 |
| гориво и масло за подмачкување | 1.012.880,00 | 725.702,00 | 287.178,00 | 1,40 |
| Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема | 210.842,00 | 236.602,00 | -25.760,00 | 0,89 |
| вкупно: | **3.125.445,00** | **5.382.196,00** | **-2.256.751,00** | **0,58** |

Материјалните трошоци изнесуваат 3.125.445,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 86.028,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 801.093,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 1.014.602,00 ден.; гориво 1.012.880,00 ден. , како и трошпоците за ситен инвентар, ХТЗ опрема и авто гуми 210.842,00 ден.

Бележиме пад на трошокот за електрична енергија како резултат на стабилизирање на пазарот со снабдување со електрична енергија. Трошокот за гориво е поголем како резултат на зголемениот обем на работа на специјалните пајак возила и континуиран пораст на цената на горивата.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| **опис** | **2023 година** | **2022 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 467.819,00 | 561.969,00 | -94.150,00 | 0,83 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.035.656,00 | 6.081.172,00 | -4.045.516,00 | 0,33 |
| **Тршоци за наем** | 832.237,00 | 814.150,00 | 18.087,00 | 1,02 |
| **Комунални услуги** | 1.491.995,00 | 792.609,00 | 699.386,00 | 1,88 |
| **Останати услуги** | 219.935,00 | 202.611,00 | 17.324,00 | 1,09 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 4.565.867,00 | 4.190.871,00 | 374.996,00 | 1,09 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 3.157.937,00 | 5.259.254,00 | -2.101.317,00 | 0,60 |
| **вкупно:** | **12.771.446,00** | **17.902.636,00** | **5.131.190,00** | **0,71** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни

### *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци на износ од 6.876,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации.

### *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 3.384,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ на комунални трошоци-електрична енергија и ѓубретарина.

| **ОПИС** | **2023 година** | **2022 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Вредносно услогласување** | 24.780,00 | 0,00 | 24.780,00 | - |
| **Одобренија по рекламации** | 6.876,00 | 33.832,00 | -26.956,00 | 0,20 |
| **Камати** | 3.384,00 | 6.689,00 | -3.305,00 | 0,51 |
| **вкупно:** | **35.040,00** | **40.521,00** | **-5.481,00** | **0,86** |

# *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

### *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2023 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 58.485.982,00 денари.

Заклучно 30.09.2023 година ненаплатени побарувања од купувачи имаме на износ од 13.972.014,00 денари. Од нив 11.148.890,00 денари отпаѓаат на побарувања од зонско паркирање односно 11.069.935,00 се побарувања по основ на смс паркирање и продажба на греб картички за месец септември. Наплатата на овие побарувања се врши тековно до крајот на наредниот месец односно заклучно 31.10.2023 година.
Само за кварталниот период евидентирани се побарувања од купувачи на износ 53.666.380,00 денари. Наплатата на побарувања изнесувала 56.082.316,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Во третиот квартал евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 18.519.439,00 денари додека пак исплатени се обврски на износ од 17.275.231,00 денари.

Обврската за комунална такса за тримесечниот период изнесува 5.642,828,00 денари.

Претпријатието кон крајот на месец август исплати обврска за комунална такса на износ од 5.732.200,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

Во третиот квартал од годината односно во период 01.07.2023-30.09.2023 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи позитивен финансиски резултат – добивка на износ 4.729.003,00 денари.

И понатаму бележиме зголемување на оперативните приходи односно приходите од паркирање и приходите од подигање на непрописно паркирани возила. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање. Приходите од сектор пајак исто така се зголемени во однос на мината година.

Претпријатието превзеде активности со кои се очекува зголемување на обемот на дејноста паркирање преку проширување на зонското паркирање во Општина Карпош.

Се внимава на трошоците на работење да се минимизираат секаде каде тоа го дозволува процеот на работење.

Претпријатието навремено ги подмирува тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Но, сметаме дека обврската за комунална такса сериозно финансиски го оптоварува претпријатието.

Очекуваме во периодот што следи дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се превземат мерки за нејзино намалување.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
Директор,
м-р Михаил Петровски